# MULTIETHNIC AND MULTICULTURAL SOCIETIES FROM THE PERSPECTIVE OF THEIR INTERNAL COMMUNICATION

**Rina Ajdari**
University of Tetovo-Tetovo, Republic of Macedonia, r_rushani@yahoo.com

**Abstract:** Human society, in its entirety is multicultural and within it necessarily coexist and interact many cultures, interlacing of cultures, religions and ethnicities who speak different languages and cultivate different traditions. New social and historical processes, particularly the 30 recent years, have brought major changes in human society. Mass communication through the latest technology brought more complex phenomenon of globalization which has also created a chain effect in all structures, interior and exterior. With a horizontal and vertical incision of multiethnic and multicultural societies, can be drawn out a lot of problem sources of intercultural communication, especially those with post-communist tradition, such as the Balkans. It is necessary to research different factors that affect the field of communication or lack of communication between two or more cultures and ethnicities which are determined to live under one roof. The study of intercultural communication from this point provides the means by which we can analyze and find a solution, a way to break down the complexity of multiethnic societies. In this context, the concept of identity in particular, cultural identity in general as well as the concept of multiculturalism are put at the highest level as the most important concepts in this research field. Ethnocentrism, nationalism, racism and religious intolerance are highlighted as primary reasons for placing barriers to effective inter-ethnic and intercultural communication. Intercultural interaction in such contexts also shape social institutions such as media, politics and economics, but also the daily informal interactions, and vice versa.
**Keywords:** intercultural communication, cultural identity, multiethnic society, multiculturalism.

# МУЛТИЕТНИЧКИТЕ И МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ОПШТЕСТВА ОД ПЕРСПЕКТИВАТА НА НИВНАТА ВНАТРЕШНА КОМУНИКАЦИЈА

**Рина Ајдари**
Универзитет во Тетово -Тетово, Република Македонија, r_rushani@yahoo.com

**Резиме:** Човечкото општество во целост е мултикултурно и во рамките на токму ова широко општество коегзистираат и се во континуирана интеракција многу култури, вкрстување на култури, религии и етнички групи кои зборуваат различни јазици и практикуваат различни традиции. Поновите историски и социјални процеси, особено оние од последните триесет години, донесоа големи промени во човечкото општество. Масовната комуникација, преку најновата технологија го донесе повеќе комплексниот феномен на глобализација, кој исто така, создаде еден ланец од ефекти во сите негови внатрешни и надворешни структури. Со едно хоризонтално и вертикално сечење на мултиетничките и мултикултурните општества може да произлегуваат на виделина многу извори на проблеми од интеркултурната комуникација особено во општествата со посткомунистичка традиција, како што се оние од Баллканот. Неопходно е да се истражуваат различните фактори кои влијаат на полето на комуникацијата или недостатокот на комуникација помеѓу две или повеќе култури и етникуми кои живеат под еден покрив. Студирањето и истражувањето на интеркултурната комуникација од оваа призма, обезбедува средства со кои се анализира и се наоѓа решение или начин со кој се отплетува комплексноста на мултиетничките општества. Покрај ова, посебно се истражува концептот на идентитетот, културниот идентитет во целина, како и концептот на мултикултурализмот, на ниво на најважните концепти во оваа област на истражување. Етноцентризмот, национализмот, расизмот и верската нетрпеливост се основните причини или бариери за поставување на ефикасна интер-етничка и интеркултурна комуникација. Интеркултурната интеракција во таквите контексти истовремено ги обликува општествените институции, како што се медиумите, политиката и економијата, но и секојдневните неформални интеракции, и обратно.
**Клучни зборови**: интеркултурна комуникација, културен идентитет, мулти-етничко општество, мултикултурализам.

**ВОВЕД**

Секоја култура се создава во интеракција и конфронтација додека нивната изолација од секаков вид всушност значи исчезнување. Културната разновидност е реалност стара колку и човештвото. Повеќе од физичко битие, човекот е културно битие[24]. Токму оваа разновидност може да биде извор на недоверба, недоразбирања и конфликти, но исто така може да влијае на изградбата на меѓусебното разбирање и почитување. Во рамките на овој процес лежи суштината на "културната свест", што значи откривање на "другите" кои се културно различни од "нас". Како резултат на ова констатација, произлегува дека културниот идентитет е колективна свест за тоа да се биде различен од другите. Општествата и политичките заедници се организираат, функционираат и комуницираат врз основа на определени модели, кои потоа се користат за да се анализираат и да се разберат сложените општествени феномени (како што се нацијата, државата, етничката припадност и културата) како и интерконекцијата помеѓу нив. Во научната литература евидентен е фактот дека многу држави од светот се формирани од страна на една поголема и помоќна етнокултурна група, која автоматски се здобила со статусот на државотворител стекнувајќи привилегија заедно со апсолутното право на доминација. Сеуште, и ден денес, дури и во ерата на таканаречениот пост-модернизам, државите продолжуваат да го промовираат градењето (создавањето) на нацијата преку јазикот, националните симболи и доминантната култура. Овој процес се уште е карактеристичен во скоро сите земји членки на Европската Унија. Либералните демократски општества, како што тврди Вил Кимлика, низ нивната историја, процесот на градење на државата („nation building”)[25] го спроведувале во следниот специфичен начин: тие ги охрабрувaa а понекогаш ги принудиле сите граѓани кои живееле во заедничка територија да се интегрираат во заедничките јавни институции кои оперираат на еден заеднички јазик. Во моментот кога државата преку институциите, државните симболи и почитувањето на правото, обезбедува можности за создавање на еден заеднички идентитет на сите граѓани без исклучок, се однесува на она што е познато како модел на политичка или граѓанска нација.Таквите конструкции на социо-политичките заедници имаат тенденција да се поделат и да се категоризираат во различни модели. Прашањата околу организацијата, функционирањето и компарацијата помеѓу нив се многу посложени.

**МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ КАКО СИСТЕМ И КАКО ЕДЕН ВИД НА КОМУНИКАЦИЈА**

Државите нации на Западна Европа во текот на вековите, нивната политичко-правна инфраструктура ја создавале повикувајќи се на нивните етнички корени (како што се Франција, Англија, Шпанија итн), со нивните посебни култури и симболи. Без овие елементи, би било многу тешко за нив, без разлика колку биле моќни низ историјата, да ја создаваат и да ја одржуваат во живот нацијата, културата, идентитетот и владеењето на правото. Истите овие развиени демократии, денес постојано се соочуваат со проблемот на управување но во последно време и со проблемот на политизација на културниот и етничкиот диверзитет. Овој вид на етнизација на политичката организација како историска тенденција има предодредено и предизвикувано бројни негативни ефекти кои резултираа со етноцентризам, асимилација и сегрегација. Нивните правни и политички системи давајќи им важност на заштитата на индивидуалните права се чини дека ја запоставувале етно-културната припадност на помалите групи. И покрај ова, токму овие европски земји се оние кои успеале повеќе во процесот на откажување од своето етно-националистичко конфликтно наследство. На пример: Канада, САД, Финска, Белгија, Шпанија, Австралија и/или Велика Британија. Сите општества но и држави во значителен степен, сепак се мултиетнички и мултикултурни, но како и да е составот, етничката и културната разновидност варира евидентно од една до друга земја. Авторите Вил Кимлика (Will Kymlicka) и Рафаел Кохеналмагор (Rafael Cohenalmagor) ги категоризираат државите во мултинационални и полиетнички. Според нив, повеќето држави се мултинационални бидејќи во нивниот состав имаат повеќе од една нација (што значи една институционално организирана заедница или не, на дадена територија или татковина, кои делат различни култури и јазици). Овие мултинационални држави се формирани (во повеќето случаи) следејќи го процесот на присилно спојување или унификација, какви што се на примерите на Норвешка и Финска, кои во нивниот државен состав ја содржат заедницата Сами која е

[24] Hassan, F., *Cultural diversity and the prospect of peace building through sharing a We world,* Ongoing Themes in Psychology and Culture, International association for cross-cultural psychology (2004).

[25] Kymlicka, W., *Multicultural citizenship- a liberal theory of minority rights*, Oxford University Press (2003).

автохтона во тие региони. Случајот на Балканските земји: поранешна Југосллавија (доброволно се создавала на доброволна основа т.е. различни култури се согласиле да формираат федерација за заеднички придобивки, бенефиции и интереси). Таков бил и примерот на Белгија и Швајцарија. Во ова време на економската глобализација, развој и дејствување на транснационални институции други, нови концепти се шират како можност да се спроведат во политичката организација на општествата; како подобри можности за да се вклучат националните малцинства и автохтоните култури во заедничкото управување со доминантната култура или националност. Според истите автори, вториот извор на разновидност е миграцијата. Полиетничките држави се држави кои во нивната композиција имаат голем број на имигранти и истите имаат покажано истакнета нетрпеливост кон оваа заедница. Преку процесот на акултурација и асимилација од нив се има побарано да го прифатат новиот систем на вредности, за да се инкорпорираат (прилагодуваат) во доминантната граѓанска култура. Во последните години овој модел на асимилација во овие земји се соочувал со голем број на критики, категоризиран како неправеден и крајно дискриминаторски. Токму ова доведувало до таму што во некои од поразвиените демократии во светот, особено во политичката свест на поединците да се применува еден потолерантен пристап кон идејата за соживот и предлог-политиката за мултикултурализам. Според Герд Бауман западните национални држави имаат направено значителен напредок во промовирањето на социјалната мултикултурна средина и тоа првенствено преку благосостојбата, исполнувајќи ги економските потреби и барања на секој граѓанин без разлика на нивната култура, етничка припадност и религија. Западот да беше сиромашен, етничките конфликти ќе беа по крвави одшто се[26] поради тоа што сиромаштијата и борбата за ограничени ресурси, во перцепциите на некои автори, можат да го зголемат етничкиот радикализам и меѓуетничките конфликти, случај кој најдобро се покажа со ситуацијата создадена во земјите на Балканот, особено оние од поранешна Југославија. Често станува евидентен фактот дека поголемиот дел од европските граѓани, без разлика дали се припадници на етничките автохтони групи или се имигранти ја сакаат државата пред се како осигурител и заштитник на основните човекови и граѓански права, а потоа и како потенцијален осигурител на економските услуги .

**ОРГАНИЗАЦИЈАТА И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА МУЛТИЕТНИЧКИТЕ И МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ОПШТЕСТВА**

Мултикултурализмот значи соживот, коегзистенција и интеракцијата на различните култури во едно општество чие правилно функционирање ќе зависи од способноста и можноста за надминување на културните, етничките и религиозните разлики. За повеќето автори, мултикултурализмот е политичко, социјално и културно движење, кое има за цел да ги почитува мноштвото различни перспективи надвор од доминантните традиции. Истиот често се гледа како концепт, перспектива или начин на живеење кој е пронајдок на западните демократии за да се спречи секој вид на дискриминација, како и воопшто расизмот, етноцентризмот и национализмот. Швајцарците беа првите, кои од 1957 година го употребуваа терминот-мултикултурализам. Швајцарија е држава составена од три главни јазични и културни региони: германски, француски и италијански. На овој начин, швајцарците не формираат нација во смисла на заедничкиот етнички или јазичен идентитет но моќното чувство на припадност е пронајдено во заедничкото историско искуство и одгледувањето на највисоките вредности како што федерализмот, директната демократија и неутралноста. Владата на Канада пак, од друга страна, го претстави мултикултурализмот како мост помеѓу културата на англиското говорно население и локалното автохтоно француско малцинство. После неа, и други земји како што е Велика Британија и Холандија го вклучија мултикултурализмот во нивните владини политики, во смисла на тоа различните култури и етнички групи да се прифатат и да создаваат континуирана интеракција низ целата земја. Според Вил Кимлика (Will Kymlicka), економската и принудната миграција, колонизацијата како и глобализацијата се причинители на мултикултурализмот, но во суштина овој е многу стар феномен и релативно сложен концепт. Една политичка и социјална организација се нарекува мултикултурна во моментот кога нејзината владина политика се фокусира во стимулирање на односи меѓу различните култури на таа земја и истовремено кога нејзините граѓани ги почитуваат другите култури и идентитети, избегнувајќи ја дискриминацијата. Во секојдневната практика не секогаш се случува ова, но државните институции се оние кои преку долгорочни ефективни политики го стимулираат меѓукултурниот соживот и интеркултурната соработувачка клима. Кога се споменува терминот

[26] Bauman, G., *Enigma multikulturore*, Qendra Botuese Tri (2009).

"мултикултурализам" во соврмената литература автоматски се алудира на социјалната, економска и политичка интеграцијана емигрантите во соодветните земји од Западна Европа. Сепак, Кимлика е еден од ретките автори кој ја истакнува разликата помеѓу емигрантите и националние групи во однос на мултикултурализмот. Националните групи, според него, се групи кои имаат заедничка историја, заедница, територија, јазик или култура. Истите, политички се трансформирани во малцинство во текот на недоброволните процеси на инвазија, колонизирање и експанзија. Друга разлика помеѓу мигрантите и националните групи се наоѓа во нивната форма на интеграција. Мигрантите (условени од економската придобивка) ја прифаќаат потребата за интеграција и прилагодување со доминантната социјална култура. Од друга страна, националните групи често се спротивставуваат на интеграцијата борејќи се (надвор од институциите) за да ја одржат (негуваат) нивната социјална култура, јазик, историја и идентитет[27] а пак ова многу често е придружена со конфликти од различен вид и интензитет. Герд Бауман (Gerd Bauman), мултикултурните општества ги објаснува низ симболиката на триаголникот, првиот агол од кој е државата - форма на централизирано владеење кој има територијален суверенитет и монопол на употреба на сила. Западните национални држави, како што тој ги нарекува, нивната нација ја претвориле во "супер етнос" (германци, французи, италијанци) давајќи им право на раководство-лидерство. Имиграцијата и новиот глобален (светски) поредок ги има принудено овие земји да инвестираат не само во прокламацијата на мултикултурните акредитиви но и покрај ова да ги променат и правните документи кои ги модулираат прашањата кои се поврзуваат со анти-дискриминацијата и обезбедување на еднакви права за граѓаните. Етничката припадност или етничкиот идентитет го претставува вториот агол на мултикултурниот триаголник и истиот за Бауман не треба да има предност во однос на државата, бидејќи тоа би можело да влијае негативно во мултикултурниот процес (сон). Етничкиот апсолутизам не е политички корисен, а истовремено и не е прифатлив како анализа. Ваквата теорија може да се примени на голем процент од современите општества со висока економска благосостојба но сепак треба да се има во предвид фактот дека исчезнувањето на етничкиот идентитет не е лесен процес, но, всушност, дури и не е потребен. На крајот на краиштата изворот на споровите и конфликтите во рамките на мешаните општества покрај историските фактори лежи и во формулирањето на уставно-правната рамка, самата дефиниција на "супер-етнос"[28] (доминантното мнозинство) и доминираните малцинства. Религијата е осмислена како третиот агол на мултикултурниот триаголник токму поради концептот на поттикнувач на војна што некои и припишуваа, редефинирајќи го конфликтот на националните и етничките интереси во поранешна Југославија и во неколку други земји, означувајќи го како "војна на религиите". Културата е поставена во центарот на овој симболичен триаголник, бидејќи начинот на кој таа се третира го детерминира решението за проблемот на мултикултурализмот. Културата се дефинира како заедничко наследство на групата, со практики кои го формираат заедничкиот идентитет врз основа на еден непроменет примерок. Сепак, во нејзиното секундарно значење таа се смета како процес кој модифицира и се прилагодува на времето со секој нејзин дел чувајќи ја недопрена основната структура. Вториот аргумент ни овозможува да разбереме дека културите (особено оние кои се блиски) не воспоставуваат статични граници помеѓу нив, но постојано разменуваат елементи, реализирајќи активна интеракција. Зголемувањето на интеркултурните контакти и новите барања на глобалните политики ја донесоа потребата за редефинирање на концептот на демократијата во мултикултурните општества. Мултикултурната демократија има примарна цел да ги соединува социо-економската и културната разновидност со политичката разновидност даваајќи и ново значење на граѓанството и државјанството. [29]Трите главни столбови на оваа демократија се: демократијата како пат до реализација на сите потреби на граѓаните; учеството и разновидноста. Демократијата се перцептира како пат кој води до заеднички соживот на слободни и рамноправни граѓани кои преземаат заедничка општествена одговорност.[30] Целта на мултикултурните демократии треба да е нивното функционирање како едно тело на политички аспект, и истовремено како повеќе културен конгломерат. Разновидноста, од друга страна, е од суштинско значење за опстанокот на овие општества, поради тоа што токму овој диверситет е заштитник на

---

[27] Kymlicka, W., *Multicultural citizenship- a liberal theory of minority rights*,Oxford University Press (2003).

[28] Bauman, G., *Enigma multikulturore*, Qendra Botuese Tri (2009).

[29] Marri.,A.R., *Multicultural Democracy: Toward a better democracy*, Intercultural education, Vol.14, No. 3, September (2003).

слободата на дејствување и обратно. Оваа разновидност треба да биде заштитена со закон за да се спречува доминацијата на поголемите групи и маргинализацијата на помалите и немоќни групи.

## ИНТЕРКУЛТУРНИТЕ ОДНОСИ ВО ОПШТЕСТВАТА СО ДЕМОКРАТСКА ТРАДИЦИЈА

Во последните педесет години, западните демократии покажале одредено достигнување во третманот на етно-културната разновидност и радикални промени во редизајнирањето на човековите права. Еден важен аспект на западните демократии е поврзан со третманот на субдржавните национализми, како што се Квебеканците во Канада, Шкотланѓаните и Велшаните во Велика Британија, Каталонците и Баските во Шпанија или Фламанците во Белгија. Во сите овие случаи се однесува за групи кои се географски сконцентрирани и кои се гледаат себеси како народ кој живее во рамките на една држава и се борат (на различни начини) за признавање на нивната националност. Во минатото, постоењето на ваквите групи со различна национална, јазична и/или верска припадност се сметало како закана. Како резултат на ова, се правеле напори и се преземале разни мерки за минимизирање на чуството на националност на овие групи, и тоа со ограничување на правото на користење на нивниот мајчин јазик, како и дополнително одземање на надлежностите во областа на локалната самоуправа, исто така, во многу земји и поттикнување на членовите на доминантната група да се населат во традиционалната територија на другата група, за да се намали бројот на таа група претворајќи се во малцинство. Сепак, во последниве години погоре споменатите земји се чини дека почнаа да го прифаќаат фактот дека овие групи ќе продолжат да живеат во нивните територии на неопределено време, додека нивните граѓански права и национални аспирации треба да се консолидираат во рамките на целиот општествен систем. Историското решение на таквите спорови во западниот свет било формирањето на т.н. " мултинационален федерализам"[31]. Преку случајот на Швајцарија, Канада, Велика Британија и скандинавските земји гледаме дека истите се обидуваат да го отфрлат стариот модел; да се откажуваат од политиката на асимилација, исклучувањето и дискриминација за да се присвои мултинационалната практика на признавање и вклучување на сите култури во рамките на социо-политичките организации. Соединетите Американски Држави, една консолидирана демократија, составена од многу етнички групи и култури, според Amin Malouf (Амин Малуф) во суштина ја одразуваат разновидноста на светот, токму овие етнички групи чувствуваат потреба да се борат за да го покажуваат нивното потекло,[32] бидејќи се е поврзано со нивното постојано барање да се запознаат самите себеси и да обезбедат малку простор под заедничкото небо. Во контекст на интеркултуралните односи и релации во научната литература се третираат и односите на меѓународното право и државата со имигрантите, привремените економски работници, бегалците и афро-американците. Западната цивилизација, ја има прифатено идејата за мултикултурализам и мултинационализам која е неопходна за функционирањето и благосостојбата на слободните демократски општества од овој вид. Трите главни фактори (социолошки факти) кои ги движеа западните земји во ова насока, кон трендот на приспособување на етничката, верската и културната разновидност се: демографијата, свеста за човековите права и демократијата. Процес или со други зборови "револуцијата" за подигање на свеста за индивидуалните права потекнува уште од почетокот на 50-тите години на минатиот век, време кога меѓународната заедница ги отфрли застарените идеи и практики на расната, културната и етничката хиерархија од легислативните рамки какои од граѓанската свест. Почитувањето на правата и слободите на човекот и правото на еднаквост помеѓу народите е основен принцип и услов на либералните демократии. Третиот фактор се смета правилното функционирање на демократијата. На овие фактори им се додава и: економскиот просперитет и групната еднаквост (политичкиот систем промовира политичка, економска, социјална и културна еднаквост помеѓу мнозинството и малцинството, а со тоа намалувајќи го нивото на предрасуди, стереотипи, дискриминација, револт и конфликти).

## ИНТЕРКУЛТУРНИТЕ ОДНОСИ ВО ПОСТКОМУНИСТИЧКИТЕ ОПШТЕСТВА

Т.н. мултиетнички комунистички општества, релативно добро успеја да ги менаџираат меѓукултурните односи, да не речеме дека го криеја етничкиот конфликт до падот на овие системи во 1989 година. Во тоа време многу етникуми побара отцепување, целосна автономија од мултиетничките соодветни земји,

---

[30] Parker, W., *Teaching Democracy: Unity and Diversity in Public Life* (Teachers College Press 2003).
[31] Seymour, M., *Multinational federalism: problems and prospects* (ResearchGate Publications 2012).
[32] Maalouf, A., *Identitete vrastare*, Onufri (2001).

инволвирајќи се во насилен конфликт и доживувајќи ги различните форми на транзиција. Сите овие земји во текот на втората половина на дваесеттиот век го доживеа конфликтот и поради фактот што комунизмот и херметичкото затворање предизвика висок степен на сиромаштија и драстичен пад на економијата. Искуството на поранешна Југославија, во оваа смисла се сметало за неопходна во студиите на етничкиот конфликт и перспективите на мултикултурализмот. Ралф Дарендорф (Ralph Dahrendorf), вели дека додека политичките промени во пост-комунистичките земји може да се постигнат во шест месеци, економските промени за шест години, за културните промени според Драгичевиќ-Шешиќ[33] се потребни 60 години за да се случат. На посткомунистичките земји им се припишува концептот на хибридни режими[34] кој подразбира поседување на минимално ниво на демократија и недостаток на други квалитети на демократијата како слобода на медиумите и гарантирање на граѓанските и политичките права. Други автори, овој бавен и нецелосен процес на демократизацијата на овие земји го именуваат често како минимална либерализација на авторитаризмот. Во ориентацијата на овој процес влијаеле интерактивната стратегија на политичките елити, капацитетот на државата и значителното меѓународно влијание. Рејмонд Вебер идентификува пет развојни фази низ кои е потребно да поминат пост-комунистичките европски земји за да постигнат задоволително ниво на интеркултурна соработка, и тоа: фаза на помирување; меѓусебно запознавање; создавање на заеднички дискурс; изнаоѓање заеднички решенија; и будењето на свеста за предизвиците на милтикултурализмот.[35] Овие највисоки цели на интеркултурната комуникација продолжуваат да бидат неприфатливи за мнозинството на земјите од Балканот, бидејќи "национализмот и понатаму е доминантна форма на модернизмот во нивните социјални системи“[36]. Процесот на помирување во Балканот отсекогаш бил изречен и извршен од страна на меѓународната заедница без внатрешна иницијатива. Етничките заедници се уште не можат да најдат помирување по траумата на вооружените конфликти а взаемното признавање и соработка многу бавно се случува. Заедничкиот дискурс би вклучил инкорпорирање на термините какви што се: интеркултурализам, мултикултурно општество, културен диверзитет, интеркултурна компетентност, искреност и соработка, пред се во едукативно-образовниот систем потоа и во медиумите, но исто така и во сите области на општествениот и политички живот. Прашањето на/за идентитетот наместо да промовира регионална соработка, се трансформирало во бариера за комуникацијата бидејќи традиционално, идентитетот е изграден и развиен врз основа на разликите а не врз основа на заедничките карактеристики. Историските врски помеѓу балканските култури и етнички групи, од политички причини намерно се отсранети од образовните програми и учебниците по историја. Правото на користење на јазикот е уште една димензија во која овие земји заостануваат. Промоторите на идејата и теоријата на либералниот мултикултурализам, се уште се многу скептични дека овој нормативен, политички и општествен систем може да функционира во релативно новите држави.

## ЗАКЛУЧОК

Интеркултурните односи и управувањето со интеркултурната и интеретничката комуникација претставува "најзначаен проблем и предизвик на светот"[37]. Ова доведе до тоа што многу истражувања во последно време да се фокусираат на објаснување на сложената природа на културата и етничката припадност, "интервенцијата" како импакт или пречка што можат да направат овие концепти во одредени мултиетнички и мултикултурни контексти. Меѓутоа, во мултиетничките општества една од главните разлики е токму фактот дека интеркултурната комуникација е легитимен дискурс преку кој се дискутира кои од учесниците на процесот на комуникација, всушност, припаѓаат на поголемата култура. Од друга страна, пак, се дискутира и за концептот на меѓукултурниот идентитет, кој поединците во овие општества постепено го прифаќаат во текот на несвесниот процес на адаптација и трансформација обучувајќи се да го согледат

---

[33] Sheshiç, M.D., *Challenges of cultural cooperation in southeastern europe: the internalization of cultural policies and practices,* http//www.ecumest.ro, (2005).

[34] Aleksander, M., *Democratisation and hybrid regimes: Comparative evidence of Southeast Europe,* East Europian politics and societies, Sage Publications (2008).

[35] Sheshiç, M.D., *Challenges of cultural cooperation in southeastern europe: the internalization of cultural policies and practices,* http//www.ecumest.ro, (2005).

[36] Banac,I., *What happened in the Balkans,* East European Politics and Societies, Sage Publications (2009).

[37] Hall, S., *The local and the global: Globalization and ethnicity* (Macmillan 1991).

човекот во себе и другите, и покрај значителните разлики. Суштинско е градењето на интеркултурниот идентитет преку добрата и ефективна комуникација. Јанг Јун Ким во рамките на студиите на интеркултурната комуникација ја третира и меѓуетничката комуникација замислувајќи ја етничката припадност како социјална категорија која е поврзана со комбинацијата на националната припадност, расата, религијата, културата и јазикот.[38] Посебни случаи на меѓуетничката комуникација, според неа, не може да се сфатат правилно ако не се имаат предвид историските, психолошките и ситуациските фактори. Комуникаторите во ситуациите на меѓуетничката комуникација се однесуваат пријателски кога ги гледаат другите како поединци, а не како припадници на одредена група. Општествата како што се, на пример, во Америка и Канада, ја имаат надминатa значајната трансформација кон поголема институционална еднаквост. Етничките конфликти и недоразбирања се зголемуваат во тешки околности предизвикани од економските потешкотии, намалување на ресурсите или длабока политичка криза. На овој начин однесувањето и меѓуетничките односи (општо) ќе бидат порелаксирани само ако на поединците им се понуди еднаков правен, политички и социјален систем.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Aleksander, M., *Democratisation and hybrid regimes: Comparative evidence of Southeast Europe,* East Europian politics and societies, Sage Publications (2008).
[2] Bauman, G., *Enigma multikulturore*, (Qendra Botuese Tri 2009)
[3] Banac,I., *What happened in the Balkans,* East European Politics and Societies, Sage Publications (2009).
[4] Culic, I., *State Building and Constitution Writing in Central and Eastern Europe after 1989* (Regio 2003).
[5] Gumperz, J.J. and Hymes, D. H, *The Ethnography of communication* (American Anthropological Association 1966).
[6] Hall, S., *The local and the global: Globalization and ethnicity* (Macmillan 1991).
[7] Hassan, F., *Cultural diversity and the prospect of peace building through sharing a We world,* Ongoing Themes in Psychology and Culture, International association for cross-cultural psychology (2004).
[8] Hofstede, G., *Cultures and Organizations: Software of the mind* ( McGraw Hill Companies 2005).
[9] Hofstede, G., *Culture's Consqencuences: Comparing values, Behaviors, Institutions and Organizations across nations,* Thousand Oaks CA: Sage Publications (2001).
[10] Kymlicka, W., *Multicultural citizenship- a liberal theory of minority rights* (Oxford University Press 2003).
[11] Maalouf, A., *Identitete vrastare* (Onufri 2001).
[12] Marri, A.R., *Multicultural Democracy: Toward a better democracy*, Intercultural education, Vol.14, No. 3, September (2003).
[13] Parker, W., *Teaching Democracy: Unity and Diversity in Public Life* (Teachers College Press 2003).
[14] Perdersen, P., *Multiculturalism as a fourth force* (Hamilton printing Company 1998).
[15] Sartori, G., *Pluralismo, Multiculturalismo e Estranei-Saggio sulla societa multietnica*, (Biblioteca Universale Rizzoli 2002).
[16] Samovar, A.L., and Porter, E. R., *Communication Between Cultures* (Wadsworth Publishing Company) 2002.
[17] Seymour, M., *Multinational federalism: problems and prospects* (ResearchGate Publications 2012).
[18] Sheshiç, M.D., *Challenges of cultural cooperation in southeastern europe: the internalization of cultural policies and practices,* http//www.ecumest.ro, (2005).

[38] Hofstede, G., *Culture's Consqencuences: Comparing values, Behaviors, Institutions and Organizations across nations,* Thousand Oaks CA: Sage Publications (2001).